# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.112 од 25.07.2014 година**

## Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија" број 68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13 и 42/14), во членот 9 ставовите 5 и 6 се менуваат и гласат:

„Податоците за лиценците и за изводите од лиценците за секое моторно возило со кое ќе се врши превозот предвидени со членот 7 од овој закон и за лиценците и за изводите од лиценците за општински превоз на патници и автотакси превоз на патници се внесуваат во електронската база на податоци која ја води Министерството за транспорт и врски.

Општините, односно градот Скопје се должни да ги внесуваат податоците за издадени лиценци и изводи од лиценци за општински превоз на патници и автотакси превоз на патници на дневна основа во електронската база на податоци од ставот 5 на овој член."

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2015 година.